# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Службен весник на РМ, бр. 52 од 21.04.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" број 84/2008), во членот 4 точката 17 се менува и гласи:
„17. "Заштитен појас" е земјен појас од двете страни на патниот појас во кој не можат да се градат објекти, освен објекти кои се во функција на патот;".
По точката 17 се додава нова точка 17-а, која гласи:
„17-а. "Објекти во функција на патот" се објекти кои служат за потребите на возилата и патниците учесници во сообраќајот;".

**Член 2**

Во членот 9 ставот (1) се менува и гласи:
„Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија."
Во ставовите (2) и (3) зборот "мерилата" се заменува со зборот "критериумите".

**Член 3**

Членот 11 се менува и гласи:
„(1) Изградбата, реконструкцијата, одржувањето, наплатата на патарина и други надоместоци или користењето на јавен пат, на дел од јавен пат, објекти на јавен пат или на дел од патниот појас на јавен пат, можат да бидат предмет на концесија и други видови на јавно приватно партнерство под услови предвидени со овој закон и прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство.
(2) Концесијата и другите видови на јавно приватно партнерство на јавен пат, се уредуваат со договор за концесија во постапка и на начин утврден со овој закон и прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство.
(3) При концесија и други видови на јавно приватно партнерство на јавен пат, може да се предвиди плаќање на надомест од страна на концедентот, како и плаќање на концесиски надомест, под услови предвидени со прописот со кој се уредува постапката за доделување на концесија и други видови на јавно приватно партнерство."

**Член 4**

Во членот 12 став (1) зборовите: "од членот 11 став (1) од овој закон" се бришат и се додаваат зборовите: "на државен пат".
Во ставот (2) зборовите: "од членот 11 став (2) од овој закон" се бришат и се додаваат зборовите: "на општински пат".

**Член 5**

Во членот 17 став (3) по зборот "претседател" се додаваат зборовите: "и заменик претседател", а зборовите: "на првата седница" се бришат.

**Член 6**

Во членот 25 став (2) по зборот "изградба" се брише запирката и се додава сврзникот "и", а по зборот "реконструкција" зборовите: "и одржување" се бришат.

**Член 7**

Во членот 33 ставови (1) и (3) зборот "преглед" се заменува со зборот "прием".

**Член 8**

Во членот 39 ставот (7) се менува и гласи:
"Начинот на заштита на јавните патишта го пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 9**

Во членот 40 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Во заштитниот појас на јавните патишта, надвор од населени места, можат да се градат објекти во функција на патот кои служат за потребите на возилата и патниците, и тоа: бензиски пумпни станици со станици за точење на ТНГ во моторните возила, автосервиси и вулканизери, помош на патиштата, мотели, ресторани, паркиралишта и одморалишта и видиковци со придружни објекти (јавно WC и туш-кабини) и објекти за продажба на безалкохолни освежителни пијалаци и ладни сендвичи."
Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).
Во ставот (3) кој станува став (4) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: "за кој постојат урбанистички планови".
Во ставот (4) кој станува став (5) зборот "согласноста" се заменува со зборот "дозволата".
По ставот (7) кој станува став (8) се додаваат два нови става (9) и (10), кои гласат:
"(9) По исклучок, инсталациите од ставот (5) на овој член можат да се поставуваат и во трупот на патот и во патниот појас само под услови и на начин утврдени во дозволата за нивно поставување, која за државните патишта ја издава Агенцијата, а за општинските патишта општината, односно градот Скопје.
(10) Условите за поставување на инсталациите во трупот на патот и патниот појас го пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 10**

Во членот 41 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:
"- поставување на инсталации во заштитниот појас,".

**Член 11**

По членот 41 се додава нов член 41-а, кој гласи:

"Член 41-а

(1) Заради обезбедување на посебен режим на сообраќај на автопат и магистрален пат на кој е воведен систем на наплата на надоместок за употреба на патот, како и за да се спречи неконтролирано движење на луѓе и животни на коловозот, на надворешниот раб на патниот појас континуирано се поставува заштитна ограда.
(2) Со заштитна ограда се оградуваат и објектите што се во функција на автопатот и магистралниот пат (бензински станици, мотели, сервиси и слично), а која е во континуитет со заштитната ограда на автопатот и магистралниот пат.
(3) Заштитната ограда од ставот (1) на овој член ја поставува Агенцијата за државни патишта, а заштитната ограда од ставот (2) на овој член сопственикот, односно корисникот на објектот.
(4) Заштитната ограда за објектите што се во функција на патот се поставува врз основа на дозвола што ја издава Агенцијата."

**Член 12**

Во членот 43 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
"(5) Агенцијата, градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, ќе го одбие барањето за издавање на дозвола за вонреден превоз, доколку оцени дека со извршувањето на вонредниот превоз би настанале поголеми и трајни оштетувања на патот или ако постојат други алтернативни патишта."

**Член 13**

По членот 46 се додава нов член 46-а, кој гласи:

"Член 46-а

(1) Одобрението за изградба на пристапен пат се издава врз основа на поднесено барање од сопственикот или корисникот на објектите од членот 46 ставови (1) и (2) на овој закон.
(2) Кон барањето за издавање на одобрение се приложува:
- доказ за сопственост на објектот или доказ со кој на барателот му е пренесено правото на користење на објектот за кој се бара одобрение за изградба на пристапен пат,
- согласност за изградба на пристапен пат од Министерството за внатрешни работи,
- решение за утврден режим на сообраќај,
- сообраќајно решение и
- доказ за платен надоместок за издавање на одобрение за изградба на пристапен пат."

**Член 14**

По членот 50 се додава нов член 50-а, кој гласи:

"Член 50-а

Заради заштита на јавните патишта забрането е:
1) заземање земјиште од патниот појас;
2) спречување на истекување на атмосверските води, ниту менување на природниот тек на водите;
3) пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвја покрај патот, како и оштетување и однесување на материјали наменети за одржување на патот;
4) спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;
5) влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови, железни шипки и други слични предмети;
6) кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
7) свртување на работни и други машини при обработување на земјата;
8) градење на поила за стока и пуштање на стока во патниот појас;
9) фрлање шут, одпадоци, држење на ѓубре или депонии во патниот и заштитниот појас на патот;
10) оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкините, патниот појас или тротоарите;
11) испуштање на отпадни и други води и други материјали на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на водата од патот или одводните канали;
12) нанесување кал на пат од пристапните патишта на пат со современ коловоз;
13) приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;
14) движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
15) поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;

16) терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
17) попречување на користење на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање пречки или друг материјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;
18) продавање овошје, зеленчук, мед, алкохолни и безалкохолни производи и слично на патот и
19) вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува или загрозува сообраќајот."

**Член 15**

По членот 62 се додава нов член 62-а, кој гласи:

"Член 62-а

Во случај на доделување на концесија од членот 11 на овој закон, финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавен пат од членот 55 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон можат да бидат приход на концесионерот согласно со членовите 56, 58, 59, 60 и 61 од овој закон, на начин и под услови утврдени со договорот за концесија."

**Член 16**

Во членот 66 став (1) точка 2 по зборот "служби" се става запирка и се додаваат зборовите: "Државниот инспекторат за транспорт, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат" - Скопје".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Агенцијата, со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина."

**Член 17**

Во членот 78 став (1) по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:
"6) не постави заштитна ограда согласно со членот 41-а став (2) од овој закон;".
Точките 6, 7 и 8 стануваат 7 ,8 и 9.
Точката 9 која станува точка 10 се менува и гласи:
"10) постапува спротивно на членот 50 ставови (1) и (2) од овој закон;".
По точката 10 се додава нова точка 11, која гласи:
"11) на јавен пат презема дејствија спротивно на членот 50-а од овој закон;".
Точката 10 станува точка 12.
Во точката 11 која станува точка 13 зборовите: "член 61 став (4)" се заменуваат со зборовите: "член 61 ставови (1) и (2)".
Во ставот (3) броевите: "6 и 9" се заменуваат со броевите: "7 и 10".

**Член 18**

Во членот 79 став (1) точката 2 се менува и гласи:
"2) постави натписи и рекламни табли без дозвола или спротивно на условите утврдени во дозволата (член 45);".

**Член 19**

Во членот 80 став (1) броевите: "6, 7, 8 и 9" се заменуваат со броевите: "6, 7, 8, 9, 10 и 11".
По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) За прекршоците од ставот (1) точки 10 и 11 на овој член државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник можат на самото место да изречат глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност на

службеното лице во правното лице при што на сторителот на прекршокот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.‟

Во ставот (2) кој станува став (3) по зборот ‟инспекторот‟ се додаваат зборовите: ‟државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник‟, а зборот ‟поднесе‟ се заменува со зборот ‟поднесат‟.

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи:

‟(5) За прекршоците од членот 78 став (1) точки 10 и 11 на овој закон државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник можат на самото место да изречат глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност на физичко лице при што на сторителот ќе му врачат покана за плаќање на глобата во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.‟

Во ставот (4) кој станува став (5) по зборот ‟инспекторот‟ се додаваат зборовите: ‟државниот комунален инспектор и униформираниот полициски службеник‟, а зборот ‟поднесе‟ се заменува со зборот ‟поднесат‟.

**Член 20**

Во членот 83 став (1) во четвртиот ред сврзникот ‟и‟ се заменува со запирка, по зборот ‟патишта‟ се додаваат зборовите: ‟и наплата на патарина‟, а зборовите: ‟една година‟ се заменуваат со зборовите: ‟најмногу четири години, со склучување на едногодишни договори”.

Во ставот (2) зборовите: „влегување во сила на Законот за трансформација на јавното претпријатие” се заменуваат со зборовите: „завршување на постапката за трансформација согласно со Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта ‟Македонија пат‟ - Скопје”.

**Член 21**

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од влегувањето на сила на овој закон.

До денот на влегувањето на сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 22**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ‟Службен весник на Република Македонија‟.